## МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО

Врз основа на член 92 став 5 од Законот за рибарство и аквакултура („Службен весник на Република Македонија“ бр. 07/08, 67/10, 47/11, 53/11, 95/12, 164/13, 116/14, 154/15, 193/15 и 39/16), министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА ГОЛЕМИНАТА НА РИБИТЕ ПОД КОЈА НЕ СМЕАТ ДА СЕ ЛОВАТ ЗА СТОПАНСКИ И РЕКРЕАТИВЕН РИБОЛОВ

### Член 1

Во Правилникот за големината на рибите под која не смеат да се ловат за стопански и рекреативен риболов („Службен весник на Република Македонија“ бр. 24/11 и 57/13) во членот 2 табелата се менува и гласи:

| Вид на риба | Латинско име | Големина |
|---|---|---|
| **Салмонидни (пастрмки)** | ***Salmonidae*** | |
| пастрмка - во стоечки води | *Salmo sp.* (сите видови) | 35 cm |
| пастрмка - во истечни води | *Salmo sp.* (сите видови) | 30 cm |
| охридска белвица | *Salmo ohridanus* | 22 cm |
| **Ципринидни (краповидни)** | ***Cyprinidae*** | |
| крап | *Cyprinus carpio* | 40 cm |
| клен (утман, бушар) | *Squalius sp.* (сите видови) | 30 cm |
| скобуст (бојник, подуст) | *Chondrostoma sp.* (сите видови) | 25 cm |
| - скобуст во Преспанско Езеро | | 20 cm |
| црна мрена - во истечни води | *Barbus sp.* | 25 cm |
| црна мрена - во стоечки води | *Barbus sp.* | 20 cm |
| писа (платица) | *Scardinius erithrophtalmus* | 20 cm |
| писа во Дојранско Езеро | | 17 cm |
| црвеноперка | *Rutilus sp.* | 17 cm |
| попадика (еѓупка) | *Vimba melanops* | 15 cm |
| златен карас | *Carassius carassius* | 20 cm |
| лињак (линиш) | *Tinca tinca* | 25 cm |
| моранец | *Pachyhilon pictum* | 10 cm |
| белвица (плашица, плашка, нивичка) | *Alburnus alburnus* | 12 cm |
| - белвица во Дојранско Езеро | | 11 cm |
| кркушка | *Gobio sp.* | 8 cm |
| **Перкии** | ***Percidae*** | 10 cm |
| костреш (перкија) | *Perca fluviatilis* | 20 cm |
| - костреш во Дојранско Езеро | | 17 cm |
| смуѓ | *Stiziostedion lucioperca* | 35 cm |
| **Сомови** | ***Siluridae*** | |
| сом | *Silurus glanis* | 70 cm |
| **Штуки** | ***Esocidae*** | |
| штука | *Esox lucius* | 40 cm |
| **Јагули** | ***Anguillidae*** | |
| јагула | *Anguilla anguilla* | 60 cm |
| **Ракови** | ***Astacidae*** | |
| рак | *Astacus astacus* | 12 cm |
| **Жаби** | ***Amphibia*** | |
| жаба | *Rana ridibunda* | 50 gr |

### Член 2

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија”.

Бр. 14 - 2828/3<br>12 април 2017 година<br>Скопје

Министер за земјоделство,<br>шумарство и водостопанство,<br>м-р Михаил Цветков, с.р.